РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

70 ГОДИНИ

Бр. 03-415/1
10.3.2020
Скопје

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Врз основа на заклучоците на Комисијата за заразни болести на Министерството за здравство, утврдени на седницата одржана на 10.3.2020 година, како и врз основа на Одлуката на Владата на РСМ, а со цел да се заштити здравјето на студентите и вработените и да се заострат мерките и активностите за превенција од ширење на корона вирусот, **Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје го запира одвивањето на наставниот процес во текот на наредните 14 дена – во периодот од 11 до 24.3.2020 година.**

Согласно чл. 25 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии), како и на интегрираните студии од прв и втор циклус на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, запирањето на одвивањето на наставниот процес **подразбира запирање на:**

- предавањата;
- вежбите;
- консултациите;
- практичната настава, теренска настава, клиничка настава, сите дополнителни програми, курсеви и сл.

Исто така, Универзитетот ги прекинува сите масовни собири на отворено и затворено, сите културни настани и спортски натпревари кои се планирани да се одржат во наведениот период, а кои подразбираат присуство на повеќе од 1000 учесници, а препорачува неодржување на сите јавни настани на кои се очекува присуство до 1000 учесници.

Универзитетот наложува задолжителна самоизолација на сите лица кои доаѓаат од високо и средно ризичните држави, во период од 14 дена (согласно листата на Светската здравствена организација).

Се препорачува повозрасните вработени на УКИМ и високоризичните категории на граѓани со хронични болести да го намалат своето движење и да го избегнуваат јавниот превоз.

Универзитетот препорачува времен прекин на работните обврски за бремените жени и хроничните болни лица. Исто така, еден од родителите на децата до 10 години, што ќе бидат ослободени од обврската да одат во градинките или да ја следат наставата, ќе бидат ослободени и од обврската да ги извршуваат работните обврски.

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф. 576
Република Северна Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk

Се откажуваат сите службени патувања на вработените на УКИМ во земји кои се од висок и среден ризик, согласно листата од Светската здравствена организација и се препорачува да се организираат предвидените состаноци преку интернет комуникацијата.

Вработените се задолжуваат целосно да се почитуваат мерките за превенција, упатени од Министерството за здравство кои се однесуваат на засилени хигиенски услови и сите единици на УКИМ се задолжуваат да воведат мерки за заштита и за дезинфекција во целата институција и особено на влезовите во институциите.

Доколку има потреба за повеќе мерки и активности, ќе ве известиме дополнително.

Благодариме на соработката.

**Ректор**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски**